Ванчо ЃОРЃИЕВ

# БУГАРСКИ ДОКУМЕНТ ОД 1906 ГОДИНА ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И ВМОРО И БУГАРСКАТА ПОЛИТИКА КОН НИВ

Сан-Стефанскиот прелиминарен договор, кој никогаш de fakto i de iure не заживеал, е основното извориште на големобугарската идеја и политика кон Македонија. Нов импулс и стимулација за бугарското претендирање кон Македонија, претставувал и релативно лесниот начин на обединувањето на Кнежеството Бугарија со Источна Румелија во 1885 година[1], како и успехот на Бугарија, во српско-бугарската војна од ноември 1885 година.[2]

Улогата на тројански коњ за ширење на бугарската пропаганда во Македонија и всадување на бугарското национално чуство кај Македонците ја имала Бугарската Егзархија, која, Македонците, бегајќи од Грчката Патријаршија, ја прифатиле само затоа што била словенска црква. Меѓутоа, Егзархијата, сепак не била во состојба да одговори на сите бугарски планови кон Македонија. Бугарската влада, од 1897 година, преку отворањето на трговските агенства, се здобила со уште една значајна институција во Македонија, преку која директно можела да ги следи состојбите, а истовремено, преку нив, пропагандно да делува за спроведување на своите политички намери.

Несомнено е дека појавата на Македонската револуционерна организација на македонската револуционерна и политичка сцена и издигнувањето од нејзина страна на принципот: Македонија на Македонците и автономија на Македонија, претставувало голема препрека за бугарската завојувачка политика. Оттука, резултираат и напорите на бугарската влада[3], преку трговските агенства во Македонија, и по разни канали во

---

[1] Международни актове и договори (1648-1918), съставила Слава Стефанова, София 1969, 170.

[2] Војната ја започнала Србија, а во неа била поттурната од Австро-Унгарија под изговор дека Кнежеството Бугарија со чинот на обединување со Источна Румелија го нарушило статус-квото на Балканот.

[3] Св. Елдъров, Българските правителства и Вътрешната македоно-одринска революционна организация (1896 - 1912). Зб. 100 години Вътрещна македоно-одринска революционна организация, София 1994, 71-81.

Бугарија, во прво време да развие контакти, а потоа влијание и контрола врз МРО или врз одделни нејзини претставници со цел да ја стави Организацијата во служба на својата политика.

Очигледно, македонското прашање го заземало централното место во бугарската надворешна политика. Релевантен показател за тоа е и формирањето на Второто политичко одделение при Министерството за надворешни работи на Бугарија, кое било назначено да се занимава исклучиво со македонското прашање.[4] Врз основа на сознанијата добиени преку извештаите на трговските агенства и по разни други разузнавачки канали, ова одделение, изготвувало планови и програми, врз кои се градела политиката на бугарската влада кон МРО и кон Македонија воопшто.

Овде ќе презентираме еден исцрпен извештај од Второто политичко одделение, при Министерството за надворешни работи на Бугарија од 25. 03. 1906 година, кој едновремено преставува рапорт за едногодишната дејност на одделението[5], и идејна скица за перспективната политика на Бугарија по македонското прашање.

Извештајот глобално е поделен во 4 точки, со резиме на крајот. Во него се среќаваат некои непрецизни, нецелосни и неточни констатации. Некои состојби пак, тенденциозно се прикажани онака, како што сакала да ги види официјална Бугарија. Поголемиот дел од овие непрецизни и тенденциозни констатации ги коментираме со свои забелешки под тек-

[4] Засега не располагаме со податоци кои ќе ни откријат кога точно било формирано Второто политичко одделение.Документот што го презентираме е составен на 25. 03. 1906 година. Од воведниот дел во него дознаваме дека оваа одделение било формирано пред една година без точно да се прецизира, тоа значи дека неговото основање треба да го бараме во почетокот на 1905 година.Најстариот документ што го сретнавме од истото политичко одделение е датиран со 31. 01. 1905 година. Меѓутоа, индирктно и нешто повеќе за основањето на оваа одделение, дознаваме од еден документ од српска провениенција. Документот е од 22. XII 1904 година, што значи дека основањето на Второто политичко одделение при министерството за надворешни работи на Бугарија треба да го бараме порано од овој датум. Во документот за самото одделение се вели: "За што поживо и посистематско развивање на бугаризацијата во Македонија, во Министерството за надворешни работи (на Бугарија б.н.), е основано посебно одделение за чиј привремен шеф е поставен некој Радев, не Симеон Радев, туку брат на А. Радев, бивш министер за правда, а Македонец по род. За шеф е нуден и Н. Наумов, бивш секретар на трговското агентство во Скопје. Но, овој своето прифаќање го услови со тоа: Од Министерството за надворешни работи, Внатрешната организација да се помага само материјално и со дипломатски акции, но, не и да се управува. Самиот тој акт што тој не е назначен за шеф, покажува не само дека тој услов не е прифатен, туку и што треба да биде задачата на оваа одделение." (Архив на Македонија, ф. Политичко одделение, мф. 456, Београд, 22.XII. 1904).

[5] Рапорт за дѣятелноста на II политическо одделение при Министерството на вънкашните работи, Архив на Македонија, фонд: Бугарски генерален конзулат - Солун 1896 - 1915, ф. бр. 3, опис бр. 8, ае. бр. 831, л. 1-36. мф. 4294.

стот на документот. Некои ударни делови од самиот такст на документот ги даваме во курзив.

Во извештајот, Македонците, вообичаено се третираат како Бугари. Во тој поглед исклучок има, кога станува збор за Македонците кои биле под влијание на српската и грчката пропаганда. Во првиот случај тие се именуват како србомани, србомакедонци или едноставно само Македонци, а во вториот, тие се третират како гркомани. Според овој извештај триумфот на бугарската идеја во Македонија ќе биде особено голем, доколку се оттргнат "посрбените Македонци од српските конзули и агитатори, за да ги впрегнеме во нашите (бугарски б.м.) задачи". Второто политичко одделение предлага подржување на интернационалниот карактер во Организацијата, со цел во неа да се привлечат останатите малцинства во Македонија. Меѓутоа, во извештајот, во врска со тоа се изнесува одредена резерва за што се вели: "интернационалност во Организацијата не ќе значи прекинување на сите врски и одрекување од нашата народност (бугарска б.н.), како што проповедаат некои диви социјалисти од типот на Сандански и Чернопеев." Оттука произлегува дека овие претставници на ВМОРО биле најопасниот непријател за бугарската политика во Македонија, зашто тие не се чуствувале како Бугари. Понатаму, "тие се одрекуваат од политичката целина со Бугарија, и претпочитаат да оформат од Македонија одделна политичка единица, која ќе послужела, барем како јатка на идната Балканска федерација." Во исто време според извештајот "Луѓето од таа група се вдахновуваат од мислата дека живеат за Македонија и само за Македонија." Во истовреме тие настојувале "Да не му допуштат на бугарскиот кнез да стави кралска круна на својата глава за сметка на Македонија ... да ја бранат целоста и независноста на земјата од пљачката на кнезот."

Според извештајот, претставниците на тоа крило во Организацијата, лошо го разбрале автономниот принцип и во него гледале можност за создавање на независна македонска држава, за разлика од официјална Бугарија, која на автономијата гледала како на етапа од присоединувањето на Македонија, кон Бугарија, по примерот на Источна Румелија. Во извештајот е изнесен и официјалниот став на Бугарија во врска со автономијата, кој гласи: "Автономијата, ако таа се оствари, нам не ни е потребна, како одвлечен принцип на слободата. Таа, треба да биде или бугарска автономија или никаква." Оттука, произлегува и задачата на бугарската влада : "Од една турска Македонија, ние треба да создадеме една цела, неделива и бугарска Македонија."

Во документот понатаму се скицирани основните правци за дејствување на бугарската политика за постигнување на веќе зацртаните задачи. Можноста за реализирање на бугарската политика кон Македонија, се гледа и на меѓународен план, преку пропагандно дејствување меѓу насе-

лението во Македонија, ограничено вооружено спротиставување на српската и грчката пропаганда, врбување во своја полза на одделни Македонци и на крајот, вовлекување и подржување во раководсвото на ВМОРО на умерени елементи, кои ќе имаат подршка и доверба кај бугарската влада. Ако се има во предвид, кревкото и привидно единство во Организацијата, воспоставено непосредно по Рилскиот конгрес, времето на појавување на овој документ, предвидените начини во него за превземање на контролата врз ВМОРО, како и настаните и заострувањето на кризата во ВМОРО, што настапија набргу по овој извештај, тогаш сосема е јасно и очигледно дека бугарската влада и политика длабоко се инволвирани во тоа, и тие можеби, се основната причина.

Од документот можат да се извлечат бројни информации и податоци за српската и грчката пропаганда во Македонија, за Егзархијата и нејзината улога, за состојбите во ВМОРО и односите помеѓу одделни личности во неа и тн.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ДЕЈНОСТА НА ВТОРОТО ПОЛИТИЧКО ОДДЕЛЕНИЕ ПРИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА БУГАРИЈА[6]

Второто политичко одделение, назначено да се занимава исклучиво со Македонските работи, постои од пред една година. Еден преглед за изминатото време, ми се чини не ќе биде излишен. За мене, тој дури е задолжителен.[7]

Со оглед на разните фактори, кои влијаеле врз Македонското прашање во минатата година ситуацијата точно се резимира во следниве црти:

### 1. Во меѓународен однос

Заслужуваат да се одбележат неколку чекори понапред поради тоа, што се зголеми бројот на европските жандармериски офицери, се продолжи нивниот мандат заедно со тој на цивилните агенти за уште две години и се назначија финансиски советници[8]. Признавањето на роман-

[6] Рапорт за дѣятелноста на II политическо одделение при Министерството на вънкашните работи, Архив на Македонија, фонд: Бугарски генерален конзулат - Солун 1896 - 1915, ф. бр. 3, опис бр. 8, ае. бр. 831, л. 1-36. мф. 4294.

[7] Документот не е потпишан од авторот. Најверојатно тој е составен од началникот на Второто политичко одделение, Види: Св. Елдъров, Българските правителства и Вътрешната македоно-одринска революционна организация ... 78.

[8] На 26 август 1905 година била именувана меѓународна финансиска комисија, која требало да ги реорганизира финансиите во трите румелиски вилаети. Таквиот чин за

ската народност во Македонија е интересен факт[9]: тој ја илустрира тенденцијата на некои држави да ја зголемуваат етничката збрканост, за да ја парализираат ослободителната идеја и во исто време, ни̂ дава укажувања за нашите соседи од зад Дунав.

Подобрувањата во Македонија, неразделно се поврзани соситуцијата во Кнежевството. Благодарение на неуморните грижи на Неговото Царско Височество и врските, кои Тој така среќно ги негува со големи владетели на силни држави, заедно со престижот на Кнежевството, расте и бугарската идеја за Македонија. Во тој ред на идеи заслужува да се одбележи и последната посета во Софија на Мјунир Паша, која донесе еден морален триумф за Бугарија.

При сето тоа, резултатите, кои минатата година ни̂ ги донесе на меѓународната сцена, многу се далеку од нашата цел. Дотолку повеќе, што преостанува не само долг пат до постигнувањето на таа цел и до развојот на дипломатијата, врз македонското прашање го наметнуваат своето директно и заинтересирано влијание и други фактори, парализирајќи ги благотворните напори за кои се спомена погоре. А, тие фактори се:

## 2.Грчките и српските чети, заедно со турската власт

Напорите на овие три фактори, визираат една иста цел, а тоа е: да се направи невозможна автономијата на Македонија, под хегемонија на Бугарите. Средтсвата за тоа се: уништувањето на Револуционерната организација и насилното откинување на Бугарите од покровителсвото на Св. (етата, б.н.) Егзархија.

Благодарение на едно општо растројство, кое ги има зафатено нашите фактори, што дејствуваат на теренот, благодарение на недостатокот од хармонија помеѓу сите наши фактори воопшто, со жалење треба да се признае, дека здружените напори на Грците, Србите и Турците дале резултати, кои ја сочинуват нашата пасива и ја најавуваат како уште поголема, во блиската и подалечна иднина.

---

проширување на реформите во Македонија, Високата порта го сметала за повреда на нејзиниот суверенитет и затоа жилаво се спротиставувала. Со цел да се изврши притисок врз Портата една меѓународна ескадра на бродови на 26. 11. 1905 г., извршила демонстрација на сила на островот Мителин, а на 5.12. 1905 на меѓународната ескадра и било заповедано да се упати кон Дарданелскиот теснец и да го окупира островот Лемнос. Дури по овие две акции, на 16. 12. 1905 г., Портата ја прифатила меѓународната финансиска контрола. Глигор Тодоровски, Македонското прашање и реформите во Македонија, Скопје 1989, 160 - 161.

[9] На 23. 05 1905 година, било издадено султанско ираде со кое било признато постоењето на романската (влашката) народност во Македонија и нејзиното право на сопствени црковно-училишни општини. Хр. Силяновъ, Освободителните борби на Македония, томъ втори, София 1943, 264.

Ако погледнеме малку подобро во дејноста на Грците и Србите, не можеме, а да не констатираме извесна разлика во нивната тактика и во постигнатите резултати. Грците својата борба против нас ја водат со примитивни средства, кои се вдахновуваат од два основни елементи: вековната омраза кон Бугаринот и критскиот разбојнички инстинкт. Ете зошто грчките чети, без ред го колат секој, кој е Бугарин или како таков, може да е стопан на нешто, што може да се ограби. Грчките чети, предназначени со една политичка цел, со своите подвизи ја игнорираат истата, за да не се види ништо друго, освен средствата. Благодарение на тоа, Грците ја продолжуваат својата кауза пред македонското население и морално ја компромитираат пред Европа. Освен тоа, повикани да дејствуваат во средината на едно население, компактно во својот бугарски колорит и искалено преку искуствата на едно поминато востание, грчките чети наидуваат на отпор, можеби повеќе пасивен, но затоа пак, не помалку ефикасен, како што тоа ќе се види од статистичките податоци, кои ќе ги претставам подолу. Впрочем настаните од пред 20 -25 години наваму ни докажуваат, дека тоа, што ние го имаме сега, го имаме спечалено за сметка на Грците, кои, она на што Србите полагаат надеж, го одзеле од нас. Ете зошто следува да се заклучи, дека не Грците, туку Србите се нашиот опасен непријател.

За тактиката на Србите, во нивната терористичка работа не може да се каже истото како за Грците. Српската пропаганда почива врз корупција и бруталност. Со првата широко се служат и повисоките чиновници, меѓу кои пропагандата има приврзани агенти во сите сфери на управата и меѓу страшните турски и арнаутски злосторници, кои со меч и куршум ги подржуваат српските интереси меѓу населението и меѓу послабите водачи на населението, кои пропагандата претпочита да ги купи со злато, наместо да ги принесе под нож. Бруталноста се применува таму, каде корупцијата се покажува како слаба. Четите се инструмент на таа бруталност. Српските чети во сѐ се разликуват од грчките: во повеќето случаи се водени од офицери: тие се потчинуваат на заповедите; претходно се строго означени; тие не убиваат без претходна анализа, зашто нивните определени жртви се свештеници, учители и видни Бугари; тие не палат за задоволство, туку со цел: селата кои доброволно се предаваат на нивната власт грижливо се зачувуваат, се спалуваат само оние, кои повеќе пати се спротиставиле со вооружен отпор; тие не грабаат, туку напротив, откако ќе се населат еднаш во едно село, прва задача им е да поткупат неколку души, како платени агенти и без пари да разделат неколку пушки. Во тој однос треба да признаеме, дека тие имаат предност и над нашите чети, кои исто така собираат пари, ништо не даваат бесплатно и згора на сето тоа е дивоста на некои војводи, што од нашите чети прави тешко бреме за населението. И додека главната задача на срп-

ските чети е да ја шират српската национална идеја за наша сметка, тие досега и пред месното население и пред светот, успешно ја маскираат таа задача под превезот на некакви ослободители мисии. Никаде досега тие не ја покажале грчката неразумност, да изјават дека се дојдени во Македонија за сојузници на Турците и за избивање на Бугарите. Во никој случај, тие не се откажале да прифатат судир со Турците, со кои се биеја жестоко и со големи жртви и за двете страни. Би можело дури да се допушти дека во почетокот на нивното појавување, тие ги следеа судирите. Имајќи го в предвид морално - политичкиот мироглед на христијаните, чија душа е исполнета паралелно со национално чувство и со омраза кон Турците, не може да се одрече извесно влијание врз населението на таа попатна српска борба против полумесечината.

Пропагандата не ја ограничува својата терористичка работа само во Македонија.

Нашите несреќници, кои судбината ги води на печалба во Србија или само на поминок низ Бугарија, тешко го чуствуваат тој терор. Не се ретки случаите, кога Македонци исчезнале без вест во Србија, поради директното или индиректно учество на полицијата во нивното погубување.

Благодарение на разните прифаќања на борбата, ете ги материјалните резултати за Грците и Србите - резултати извлечени од статистичките податоци, доставени во Министерството од Св. Егзархија.

Села поминати за прв пат под Егзархијата и села кои повторно се вратиле под нејзино духовно покровителство има: во 1903 г. - 200; 1904 г. - 201; 1905г. - 40, или вкупно 261, наспроти тоа ние во истиот период сме загубиле како откажани и неповратени под Егзархијата 62 села цели и во други 25 по неколку лица, или вкупно сме загубиле 87 села, од кои 60 минале на српска страна. Од последниве 22 се од Кумановската каза, 11 во Паланечката, 5 од Гостиварската, 12 од Прилепската, 6 од Кичевската и останатите од Велешката, Дебарската и Тетовската.

Грчките злосторства, поради неразумноста на самите Грци и покренатата врева од нас и од Власите, се познати и светот се згнаси од нив. Србите и во тој однос се посреќни: тие самите грижливо ги прикриваат своите задачи и ги покриваат своите подвизи; а ние, единствените, врз кои тежат нивните подвизи - избегнуваме да зборуваме за нив. Природно е, во таков случај, светот да не знае ништо за нив.

Што сакаат Грците и Србите?

***И едните и другите се против автономијата и бараат да се создадат услови, кои ќе ги поткрепат нивните претензии за делба (на Македонија б.н.).***

Заслужува да се констатира извесна разлика и по прашањето на тактиката меѓу Србите и Грците.

Додека првите остануваат и во стварноста и во декларациите, противници на тој принцип (автономниот б.н.), последните, без да се објават категорички против него, го прифаќаат со забелешка, дека автономијата треба да биде израз на некаква федерација на народностите. Според толкувањата, кои авторитетни Срби ги даваат на таа дефиниција, таа во себе ја опфаќа основната догма на српската политика, која едно време брутално се манифестираше со заземање на територии за излез на Белото Море, а потоа се ублажи под терминот поделба на сфери на влијанија.

По однос на резултатите на претензиите, Грците помрачени во разумот од една голема идеја која е во обратна пропорционала на нивниот ум и нивната материјална сила, мечтаат за места кои и при сите дивјачки напори не им се подаваат. Србите уште во 1904 година, успеаја да постават свои вооружени ешалони, кои лани ги засилија и згустија, а оваа година мислат не само за концентрација на нивните сили во реоните на нивните претензии, но и за воспоставување на еден вооружен плот за нашата револуционерна дејност кон С (еверо б.н.) З (ападна б.н.) Македонија. Така на двете крајни крила Србите се чуствуват силно зацврстени со присуството на своите чети во Прешевско и Кумановско од една страна и Порече од друга. На север од тие реони, тие се воздржуват од вооружена работа на своја глава. Со таквата работа тие би ја разбудиле недовербата кај Арнаутите. За тоа, иститe со злато ги заштитуваат во тие реони српските интереси. Благодарение на тој услов и на небрежноста на нашите митрополити, особено на Дебарскиот и Велешкиот, Србите ја префрлија својата етногеографска граница на југ од Шар и Кара Даг (Скопска Црна Гора б.н): Дебарско, Кичевско, Гостиварско, Тетовско, Северниот дел од Скопската каза, Кумановско и Прешевско, кои се под нивно влијание. Оттаму тие ги пуштаат своите разгранувања низ Прешево кон Паланка, Кратово, Кочани, Пехчево; низ Куманово кон Скопје, Велес и низ Поречјето кон Прилеп и Охрид. Особена грижа тие полагат да ја отцепат Македонија од бугарската граница: една нивна чета веќе престојува во с. Берово, Пехчевско, каде одамна има гнездо на продадени србомани.

Извештаите, што ги дават рапортите од Белград, Атина, Солун, Битола и Скопје, по тоа прашање се слични; тие соопштенија се слични и со она што револуционерите го соопштуваат, во прво време не помалку од 1 500 души вооружени Грци и Срби, со настапувањето на пролетта се токмат да навлезат во Македонија за нови опустошувања. А резултатите од тоа ќе бидат нови материјални загуби, на југ од грчките чети и на север од српските чети.

Каква е внатрешната сила на нашите противници?

За да се даде еден правилен одговор на тоа прашање треба да се имаат впредвид две основни ситуации, кои ја владеат душата на христи-

јаните во Турција. Тоа се: желбата за слобода и општо признавање од сите, дека Бугарите се единствените носители на тоа знаме. За оној што го разбира значењето на таа ситуација, не е чуден тој успех кон откажувањето од Патријаршијата, кој, што селата го покажаа веднаш по едно задушено "бугарско" востание[10]. За разбудување на бугарските национални чуства такви заслуги имат црквите и училиштата, како што има и револуционерната идеја за зацврстување и проширување на тоа чувство. И денес, во Македонија, има многубројни села, кои иако ја признаваат Патријаршијата, се вбројуваат едновремено и во делокругот на една бугарска политичка власт, каква што е всушност Револуционерната организација. Други пак со небугарска национална тенденција, со не помала искреност, ја признават врховноста и духовно единство со истата Организација.

На тој начин против Грците, Србите, дури и против Власите, ние имаме, во лицето на Револуционерната организација, едно силно оружје за воздејство, кое при извесни услови, би можело да ја засегне дури Атина, Белград и Букурешт. Од Грците ние го зедовме својот данок и не ќе го пропуштиме следниот момент повторно да го собереме, дури и со лихва. Од Србите и Власите не сме добиле уште ништо; но тоа не ја исклучува можноста да го земеме она што нѝ следува. Ќе се задржам на Србите и Власите.

Благодарение на различните услови од морална и материјална природа меѓу српските дејци родени во Македонија и оние дојдени од Кралството и Стара Србија, постои разногласие по односот, кој Србите треба да го имат кон автономната идеја и Организацијата. Тоа разногласие лека - полека, се претвора во отворено непријателство. Заминувањето на Гр. Х. Ташковиќ со цел да го брани општото гледиште на Македонците; изјавите по тој повод на една група видни србомани, пред српскиот конзул во Солун, дека него ќе го сметаат одговорен за можните беди, кои би го снашле нивниот претставник во Белград; поведението на весникот "Автономна Македонија", издаван од истиот Гр. Х. Ташковиќ во Белград; затворањето на српската гимназија во Скопје, откако дирекцијата не успеа да отстрани двајца Македонци - учители во чија заштита се крена српската општина во Тетово, која ги заплаши со минување под закрила на Егзархијата; најпосле групата студенти Македонци во Белград, кои не ги откажуваат своите бугарски чуства и чекаат момент да се вратат во Македонија и да работат заедно со нас - тоа се факти кои отвораат една длабока рана на српската пропаганда. Да се држи отворена и да се засилува таа рана не е неможно: сите елементи за тоа се во наши раце. ***Голем ќе биде триумфот за бугарската идеја кога ние ќе успееме да ги откинеме посрбените Македонци од срп-***

[10] Се однесува на Илинденското востание.

***ските конзули и агитатори, за да ги впрегнеме во нашите задачи.*** Во тоа јас не сакам да се сомневам, доколку се следи извесен план.

Мнозина од македонските Власи ја споделуват идејата со нивните посрбени сотатковинци. Првите, разбираат дека за романската политика тие се само предмет на размена, кој неопходно ги влече во непријателство со посилните нивни сотатковинци.

Тоа сознание ги огорчува и затоа на многу места, тие се во редовите на Организацијата и не престануваат да ги манифестират своите чувства пред владата во Букурешт. Јас лично зборував со резервниот потпоручник во романската армија Кошка, родум од Маловиште (Битолско), а други луѓе се беа сретнале со еден друг македонски Влав, Бацарев, драгоман при руското цивилно агентство, кој на пат од Букурешт за Солун се беше задржал тука нарочно. И двајцата дале конкретни докази за својата солидарност со нас: првиот, командуваше чета во времето на востанието, а последниот со својата положба во цивилното агентство продолжува да услужува. Во влашката средина, луѓе како горните двајца, не недостасуваат. Иако ги посочив само тие две имиња, тоа е за да дадам конкретен израз на постоечкото движење, кое во сè е солидарно со нашите погледи и интереси и кое колку и да е слабо и мало, го заслужува нашето внимание.

Зашто повторувам, дека голем ќе биде триумфот на бугарската идеја, кога ние би успеале да собереме околу неа хетерогени елементи од малцинствата. Тоа треба да биде една важна точка од нашата политичка програма.

Како би можела да се исполни таа задача ?

Постојат два услова: прво да не се засегаат националните чуства на веќе утврдените малцинства и да се подржува интернационалноста на Организацијата, и второ, засилување на истата со зачувување на нејзиното единство и внатрешен карактер, под водство на диви революционери, а не на политичари революционери.

Првиот услов произлегува од една неопходност, која нашата недостигната цел, многубројноста и силата на непријателите и нашата слабост во споредба со нив, нѝ го налага. ***Интернационалност во Организацијата не ќе рече прекинување на сите врски и одрекување од нашата народност, како што проповедаат некои диви социјалисти од типот на Сандански и Чернопеев.***[11] Тоа е една формула толку искре-

[11] Овде посебно треба да се одбележи дека таквиот став на Јане Сандански за "одрекување на бугарската народност" т.е. дека Македонците се посебен народ не е единствен и коинцидира со други искажувања за него. Така на пример Христо Силјанов изнесувајќи го излагањето на Јане Сандански за време на ноемвриските советувања во Софија непосредно пред ликвидирањето на Борис Сарафов и Иван Гарванов меѓу другото пишува: "Јане разви теза дека е погубно за македонското население и за самата Бугарија, македон-

на кон оние, кои не настапуваат против нашите национални и политички интереси, колку што е во случајов погодна за тие, кои вештачки се откинати од нас и кои во нашите прегратки ќе треба да се отарасат од за нив туѓата боја. Интернационалноста не е фикција за еден безобѕирен револуционер (подвлечено во оригиналот); туку времена формула, која разбраниот опортунизам ја налага на еден политичар револуционер (подвлечено во оригиналот).

Вториот услов зборува сам за себе. Секоја револуционерна организација е бесмислена, доколку не располага со доволно авторитет и сила за да налага материјална санкција со своите решенија. Потпрена врз својот морален политички идеал, од една страна, и врз својата сила од друга, Организацијата, освен задачите што би ги исполнила, во други насоки би била и силен привлечен центар за малцинствата. Мислам дека е излишно да ги бројам политичките и моралните добивки од тоа.

### 3. Св. Егзархија

#### 1. Легалната положба на Црквата во Турција

Од фактот дека нашата Црква има седиште во турската престолнина и едн голем дел од нејзиното паство е под власт на Султанот, произ-

---

ското прашање да се третира во смисла на национално обединување на Бугарите ... Сите кои агитираат било во Македонија, било надвор од неа на базата : ослободување и обединување на Бугарите, треба да бидат дочекани непријателски од ВМОРО, така, како што се пресретнуват од Организацијата српските и грчките агитации и чети... Тој објаснуваше дека ... треба да се работи за (раз)будување на сознанието на масите, дека, тие се самостоен народ , дека имаат право на слободен живот и треба да се борат за извојување на својата слобода, без да се потпираат на туѓа помош, зашто тие кои би дошле да ги ослободуваат, под всушност ќе дојдат да ги поробат. (Хр. Силяновъ, Освободителните борби на Македония .. 498.) Слично на тоа за Јане Сандански пишува и Родолфо Фоа во “L'Italia all'Estro “ кој меѓу другото истакнува дека Јане проповедал “Македонците ќе ја ослободат Македонија без вмешување на соседните држави; во Македонија не треба да бидат ниту Бугари, ниту Грци, ниту Срби, ниту Романци, ниту Турци, но едноставно Македонци.”(Кочо Сидовски, Италијански сведоштва за дејноста на ВМРО (1893 - 1908), Гласник на Институтот за национална историја, XXXV/1-2, Скопје 1992, 109.) Антибугарското расположение кај Јане Сандански особено доаѓа во израз во неговото обраќање пред заробените врховисти на 08. 04 1905 година по разбивањето на врховистичката чета на Јурдан Стојанов на Кашина. Тој меѓудругото рекол : “дека (ние, врховистите б.м.) сме оделе во Македонија, само да си го поминеме времето и сме биле плаќани од кнезот и подржувани од владата, дека нашата цел била да ја освоиме нивната татковина Македонија, и да го направиме кнезот крал, дека тие не сакале Македонија да ги плаќа долговите на Бугарија и сл ... дека немаат потреба од бугарски пушки, бугарска помош, од Егзархијата, пцуел (ругал) сè бугарско и сл.”(Димитар Димески, Кашина - Симбол на непомирливата антиврховистичка борба на Јане Сандански, Зб. Јане Сандански и македонското национално ослободително движење, Скопје 1976, 140).

легува дека, таа носи карактер на една институција, за која, пред се, сите турски закони ќе бидат меродавни. Од друга страна, положбата на четирите милиони православни кои се соединети под една политичка власт, но не потчинети на истата црква, го усложнуваат прашањето.

Таа последна положба може да има повеќе политичко влијание врз постоењето на црквата, отколку определување на легалните форми, во кои тоа суштествување ќе се појави. А тие форми се од голема важност.

Каква е легалната основа за постоењето на нашата Црква во Турција?

Ферманот, полувековната борба, 36 годишниот фактички живот и штитот на бугарскиот војник, ја создале и крепат Егзархијата.

Тие се големи, но недоволно (... нечитливо), за да гарантираат непречено и непрекинато биење на пулсот во тој жив организам - Егзархијата. Формите и условите за нејзиниот живот и нејзината дејност формално не постојат.

Немуслиманските општини во Турција се претставуваат преку главата на соодветната Црква, како преставник на народот пред власта, и преку колегијалните институции, во кои е изразено начелото на непрекинато и постојано суштествување на самата општина, преку изборот на нејзината глава. Тие начела и услови кои го гарантират законското исполнување се предвидени во постоечките, и утврдените устави од Владата, кои се публикувани во официјалниот зборник на закони и имаат сила на закон.

Нашата Црква, иако има свој устав; тој никогаш не бил утврден не е објавен и признат од Владата. Нашата Црква од пред 30 години го има изгубено својот колегијален карактер, а преку тоа и елементот кој единствено го гарантира непрекинатото и непречено постоење - тоа што јас погоре го нареков биење на пулсот во живиот организам. Постоењето на нашата Црква е ненормално, како такво тоа е полно со изненадувања и опасности: нешто кое е постојано вечно, не може да се поврзува само со животот на еден човек и да се заснова единствено врз него. Ситуацијата добива еден реален израз, ако си припомниме дека лошата волја на Турците, секогаш била придружувана од постојаната омраза на руската влада кон суштествувањето на Егзархијата, како самостојна црква во Цариград. Независно од тие околности има и многу други, не помалку важни, кои ќе се видат во следственото излагање, а кои ја посочуваат опасноста од пролонгирањето на таа состојба.

Минатата година која во еден момент ни го донесе треперливото расположение, предизвикано од разболувањето на Неговото Блаженство помина само во татонирање на почвата, без некаков реален резултат. Тоа не може да не се впише во пасива на бугарскиот народ - пасива до толку пострашна, што истовремено му престои да брани и други интереси, не

помалку важни од оној за постоењето на Црквата. Ќе му стасаат ли силите за сè одеднаш? И нели е оправдано разрешувањето на тие интереси да се раздели временски?

## 2. Системот на образованието во нашите училишта во Турција

Училиштата го создадоа бугарскиот народ. Нивната задача е позната, како и нивните последици: на Неговото Блаженство му припаѓа честа, колку за разбудувањето на сознанието кај Македонските Бугари, толку и за подигнувањето на револуцијата од нив.

Условите на животот денес, и перспективата, која се отвара за блиската иднина не се исти какви што беа пред 25 години. Само истиот систем на образование продолжува да биде подржуван, со една љубоморна упорност од Неговото Блаженство. Училиштата го создадоа бугарскиот народ, реков погоре, но училиштата, не ли ги погубуваат Кинезите? Секој систем, кој откако го дал плодот, е надминат од животот и не може веќе да се подржува без ризик да го уништи тоа, што било порано создадено од него. "Cecitura celia "[12] најпогодно во случајот.

Револуцијата, која беше подигната во името на бугарскиот народ и на бугарската идеја,за да се постигнеше преку системот на Неговото Блаженство, требаше да чека со години. Бугарското сознание е толку полно, колку што може да биде при сегашни услови. Од сега натаму, при отворено непријателство на турската влада кон нас и при нафрлување на сите пропаганди, неполитички е да се жртвуваат високи политички интереси, заради уште неразбуденото сознание во некое катче на Турција. Хуманитарното образование ја заврши својата мисија, и ги даде своите резултати. Тоа не може да биде единствен и претпочитан систем во нашите училишта. Еден народ, кој се бори за политички права, треба да биде готов да направи од тие права дива реалност. ***Автономијата, ако таа се оствари, нам не нѝ е потребена како одвлечен принцип на слободата. Таа, треба да биде или бугарска автономија или никаква.*** Во таа точка нема средина.

Со кои сили ќе станеме господари на автономијата, која нè чини толку крв и енергија? Тоа прашање отвора една длабока рана во бугарското срце. Да признаеме една историска вистина: управувањето на Источна Румелија беше спасено од туѓи елементи, благодарение на околноста, што руските војски го приложија органскиот устав. Ќе биде ли тоа така и во Македонија, дури и ако бугарските полкови стапнат таму?

Пред малку, по случајот на организирањето финансиска комисија, посакавме и ние да претставиме свои кандидати за извесни служби. Тие не се повеќе од една дузина, вклучувајќи го и г-н д-р М. Цачев, кој пред

[12] Едното ќе го убие другото

40 години се школувал во Цариград. Бедно е, што тие кандидати, дури и да знаат турски (јазик б.н.), немаат право да добијат служба во комисијата, врз основа на изработениот правилник. Меѓутоа, во исто време Грци, Ерменци, Власи, Арнаути, па дури и Срби ја полнат Отоманската банка, режијата за тутун, цивилните агентства, конзулствата, финансовата комисија, железниците и сите други слободни професии.

Тоа е жално. Но, уште пожално е тоа што нашите учители, кои и порано не стоеле на голема висина во поглед на образованието, од пред 7-8 години наваму, - откако револуционерната идеја помете се пред себе - продуцираат повеќе распалени патриоти, а помалку луѓе способни, да си го извадат лебот и да застанат на свои нозе во животот...

Се плашам, дека бугарската автономија ќе биде изгубена за нас, ако не бевме во состојба да го опфатиме животот во сите негови појави. А со луѓето, кои сега ги создаваат нашите училишта во Турција ќе ја свршиме ли таа задача?

Уште пред десет години, ние требаше да имаме најмалку еден административен - правен курс, еден трговски курс, практични занаетчиски и земјоделски училишта, институти за олеснување на трговската размена: трговски музеи, банки и сл., кој знае дали тоа немаше да ја забави револуцијата? Чудно е што и денес Егзархијата, која, по својата положба ја одрекува револуцијата, продолжува да формира кадри за истата со својата упорност и да не допушта во своите училишта, и еден нов систем на образование, паралелен со сегашниот, кој ќе биде во поголема хармонија со барањата на мирниот живот.

Со што Егзархијата ќе ја оправда таа своја упорност?

Со недостаток на средства?

- Тоа не е вистина. Никогаш владите (бугарски, б.н) не штеделе за Егзархијата дури и за работи малку корисни. Јас сум сведок како оваа година, (1906 б.н) Владата, откако за три години го удвои егзархискиот буџет, ги пушти не само сите кредити за новите курсеви, туку и вети дополнителни сили за нив, но и од пред шест месеци наваму, бескорисно настојува да ги покрене новите предлози...

Од каде произлегува и со што се оправдува таа упорност? ...

Жално ќе биде ако иднината каже: “Au commencement du XX siècle, l’Exarchat, a été en retard d’un idée et d’un Exarque”[13] ... Но, уште е пожално, тоа што таа пресуда ќе легне тешко врз судбината на народот.

Така се помина минатата година, а така ќе истече и сегашната. Да се надеваме дека следната ќе биде посреќна ! ....

[13] На почетокот на XX век, Егзархијата дали требаше да остане без идеја и Егзарх.

## 3. Внатрешниот ред и дисциплина во Егзархијата

Егзархијата е рожба на протестот, кој што нашиот народ го спротивстави на фанариотштината. За жал, традициите на Фенер не се туѓи за Егзархијата. Нашето ниско духовништво, произлезено од народот, без потребната подготовка за неговиот висок повик го влече товарот на времето како и колку што може. За нашето високо духовништво, исто така, не можат да се кажат многу пофалби. Слабо подвижно до мрзеливост; завидливо за некакви права, кои тоа самото не ги спроведува, но се служи со нив за да парализира секаква иницијатива; лишено од такт, и на секој чекор во конфликт со своето паство; не секогаш безпрекорно во материјалните прашања - тоа духовништво, во многу случаи, само ја врши работата на нашите непријатели. Благодарение на тие негативни квалитети, Србите речиси одзеле две наши епархии - Велешката и Дебарската - при невозбудено спокојство на нивните митрополити. Авторитетот на Неговото Блаженство, така грижливо заштитуван во други случаи, се покажа слаб, за да ги повика првите служители на Црквата, кон исполнување на долгот.

Таа состојба претставува еден органски недостаток на нашата црква. А таа не може да се развива со него. Нејзе уште долго време ѝ претстои исполнување не само на духовна, туку и на една политичка мисија.

## 4.Политиката на Св. Егзархија кон Револуционерната организација

Таа политика се изразува главно, во односите на провинциските духовни власти, за кои што се претполага дека во секој момент дејствуваат по инструкциите на Неговото Блаженство, а во однос на самата централна управа, изразени се главно, во тешкотиите и олеснувањата преку назначувањето на учителскиот персонал, - носител на револуционерната идеја.

Напразно се трудам да најдам една доследност и планирање во таа политика. Во почетокот, кога Организацијата беше во својот зародиш и кога сочувувањето на револуционерната идеја беше полесно, Егзархијата, иако секогаш не се однесувала благонаклонето, не преземала доволно мерки за нејзино ограничување. Подоцна, и особено сега, кога уништувањето на Организацијата е невозможно, Егзархијата внесува хаос во сопствениот делокруг и им дава предност на дивите елементи, без да постигне некакви реални корисни резултати. Човек би рекол, дека политиката на Егзархијата е редица спротиставени колебања, диктирани не од еден разумен опортунизам, ами од случајноста на моментот.

А Егзархијата би можела да внесе повеќе хармонија и да дејствува за избегнувањето на многу дивости и пакости.

## 4.Револуционерната организација

Откако, од роб направи еден смел борец за слобода, Револуционерната организација, под влијание на разни причини, преживува една остра криза, која во исто време, е и криза за самото бугарско дело во Турција.

Во што се состои таа криза и кои се нејзините причини ќе се разбере од изложеното, кое следи понатаму. Но, за подобро разбирање на сегашноста, еден бегол поглед врз минатото, не ќе биде излишен.

Неколку основни начела ја вдахновуваа Организацијата уште од првите денови на нејзиното доаѓање на свет. Тие начела се однесуваат на целта, средтствата, и на односите кон другите фактори.

Целта останува неопределена: таа е автономија, гарантирана од Големите држави. Нашата доминантна бројност, дадените жртви од нас, и оние кои не престануваат да ги даваат пред олтарот на слободата, од една страна, и спротивставувањето на сите етнички групи против таа политичка формула, од друга страна, создале една логика, која во тој однос е безмилосна. Следствено, автономијата или треба да биде бугарска или никаква. Такво е сфаќањето на основачите на организацијата[14] и врз таа точка, тие се во полна хармонија со инстинктите на широката маса. Од тоа сфаќање произлегува една важна последица.

Тоа се однесува на прашањето: како треба да се разбира автономијата, како времена, или како постојана политичка формула? И има ли реална опасност за народното единство од прифаќањето на таа формула?

Еден бегол историски поглед за причините и потеклото ќе го појасни тоа прашање.

Од Берлин произлезе една расцепкана и слаба Бугарија. Во првите години, таа живееше со илузијата за брзо проширување на С.(ан) Стефанските предели. Меѓутоа, како тоа можеше да стане, малкумина расудуваа. Подоцна, кога се разбра, дека ние сме доволно слаби, да ја наложиме својата волја на Турција, на нашите мали и завидливи соседи и на Европа, со цел да го претвориме своето право во факт, покривајќи ги со нашите политички граници и природно-етнографските; кога од друга страна, при чувството на својата слабост, разбравме дека едно такво исфорсирано решение на Источното прашање не одговара ниту на тенденцијата на европската политика - таква, каква што се декларира долго

[14] Очигледна дезинформација. Оснивачите на МРО никогаш не се залагаа за бугарска автономија на Македонија. Напротив, зад автономниот принцип се криеле повисоки намери на Организацијата, т.е за создавање на самостојна македонска држава. Види: Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов, Скопје 1997, 42-43; Во врска со автономијата Организацијата во својот официјален орган изнесува "Автономна Македонија од Организацијата се сфаќа како самостојна држава", Официйална притурка, Революционенъ листъ, 2 юни 1905, 3.

време наваму..., ниту на потребата да ја задоволиме нашата целокупност, кога го разбравме сето тоа, дали требаше да скрстиме раце пред неможноста да ја видиме остварена желбата, која во сегашниот момент се чини (... нечитливо) крајна за целиот свет? Или, требаше постојано да настојуваме кон една друга крајност, да ја посочувавме од партиската трибина на општественото презирање "дволична (-та) Европа" и да го издигнеме од плоштадот Св. Крал, својот јумрук против Турција, за да го префрли таа со сета тежина врз нашите браќа? Или требаше да ги декларираме "Nos droits imprescriptible"[15] и да продаваме "С.(ан) Стефанска Бугарија" за еден непретплатен абонамент?

Каква реална корист од сето тоа?

"Doch seinem Nut muß Weisheit leiten" * [16]

" Und hist muß mit der stärke streiten."[17]

Ете го патот за слободата!

Долговековната историја на германското племе, некогаш понижено и разбиено, а сега соединето во огромна империја, која им задава страв на блиските и далечните соседи, се содржи во тие два реда од Шилер. Тоа што е вистина за Германија, зошто да не биде вистина и за Бугарија, применувајќи ја пропорцијата?

Револуционерите, кои во своите правилници го впишаа, а и го подржуват интернационалниот карактер на Организацијата, не се откажаа од борбата на нашите национални интереси кон посегнувањата на Грците и Србите? Природата на нештата е таква, што од таа борба не можат да се откажат дури и оние диви револуционери, кои проповедаат со своите спротивни погледи. Безбројните судири на револуционерните чети со таквите србомански и грчки и 237 патријаршиски села, одземени за една година од револуционерите, прават од интернационалниот карактер на Организацијата, сосема безвредна формула, но и корисна, во некои случаи. Јас кажувам погоре зашто и во какви услови треба да се подржува тој карактер на Организацијата. Впрочем неговата смелост (на рицарот), треба знаењето да го води и мудроста треба против силата да се бори.

Но, во секој случај, не толку нашата сила, колку методското поставување на прашањата е она, што ќе нè изведе на добар пат. И кога се говори за автономијата, треба да се разбере дека таа е момент од политичката еволуција на целиот бугарски народ, - момент, кој со силата на нашата предимствена ситуација во Македонија, нè доведе до триумфот на бугарската идеја на Балканскиот Полуостров.

---

[15] Нашите вечни (незастарени) права.

[16] Сепак неговата корист мора да се раководи со мудроста.

[17] И тоа значи дека мора да се соочи со силата.

Тоа е гледиштето на сите видни водачи на организацијата.[18] Такви се инстинктите и стихијата и на самиот народ.

За жал идејата за автономна Македонија се оцрни и во нејзините основи и во нејзините резултати. ***Едни се незадоволни од претставниците на автономниот принцип, и за да ја потцртаат појасно својата мисла им го прикачуваат на истите терминот сепаратисти, со едно сфаќање, кое ја пресекува секоја политичка врска меѓу Кнежевството и Македонија во иднина.*** Други, со своите мисли се наоѓаат во облаците и откако земаат "à la lettre[19]" извесни принципи од статутите на организацијата, идеализираат една нова ситуација во Македонија, при која високите начела на слободата, братсвото, еднаквоста ќе изгрееле како "Deu ex machina" и сега спротиставените народи едни против други, ќе заживееле тивко и мирно, како јагненца.

Имало ли некогаш сепаратисти и дали тие биле опасни по народното единство?

Јас зборував погоре колку тој страв е реален. Тука ќе си дозволам да преставам една историска скица за терминот сепаратизам.

Лицата за кои тука станува збор, имаат зад себе 10 - 15 годишна работа, запечатена со крвта на скапи другари. Следствено, за нив може да се суди не по она што се зборува во секојдневните разговори, меѓу политиканти кои барат готови формули за разните општествени прашања; туку, по она, што тие лица го дале во досегашната работа. Тие "сепаратисти" се интелектуална рожба или на нашите средни училишта, или на Солунската гимназија. Некои од нив минале и низ нашите универзитети и само малкумина учеле во странство. Уште при првиот чекор во нивната општесвена кариера, тие го добија од своите противници тоа мало ласкаво именување " On crée un fait en repétant qu'il existe."[20]

Ако терминот повеќе или помалку исчезна, за тенденцијата остана да се зборува и сега. Зашто, за едните е толку потребно, таа постои и денес, колку што беше некогаш за другите.

Сепаратизам ! -

Што означуваше едно време тој термин?

Некогаш тој беше прикачен на група млади луѓе, кои за својот излив на енергија, најдоа многу тесни рамки за дејност во нашите општини во Македонија. На, тоа единствено поле за општествена работа, беше тешко да се работи легално, поради пречките од некои егзархиски чиновници. Младите луѓе бараа едно пошироко општествено учество во името на

[18] Ние веќе понапред коментиравме и изнесовме дека главните предводници на ВМОРО, на автономијата гледаа како на можност за создавање на независна македонска држава, а не како на етапа за присоединување кон Бугарија. Види белешката 14. Овде само ќе дополниме, дека составувачот на извештајот е контрадикторен и сам со себе, бидејќи во самиот извештај се истакнува дека Јане Сандански и неговите приврзаници се залагале за Независна Македонија

[19] Буквално

[20] Со повторувањето дека еден факт постои, истиот заживува.

стариот ред на нештата, кога широкото и слободно учество на општесвената и приватната иницијатива ја создаде Егзархијата. Во тој ред, младите наоѓаа можност да го зајакнат училишното дело врз местни трошоци, како и да му дадат порационален карактер; да ја вовлечат колку се може повеќе, широката народна маса да учествува во тој постојан народен прогрес околу училиштата и црквите, и да водат поуспешна борба со надвиснувачките пропаганди. Прашањето: кој од тие два погледи беше поцелесообразен од гледиште на нашите национални интереси, сега веќе нема практично значење.

Меѓутоа, во тој ред на мисли заслужува да се спомене:

1. Дека пропагандите добија за себе, тешки удари, не под водство и содејство на движењето, кое се спротиставуваше на привидните сепаратисти; а тие удари, како момент, од кој се зафаќа брзиот подем на бугарска Македонија, се резултат од работата на революционерна Македонија, на чело на која стоеја божемните сепаратисти.

2. Не може да се одрече вистината, дека на времето на тие млади луѓе не биле непознати популарноста и воодушевувањата, без кои нема младешка душа и кои си ја претставувале сопствената задача, како море до колена длабоко; ***но, не помала вистина е, дека ако движењето, кое го претставуваа тие луѓе своевремено беше канализирано и правилно насочено, нашето движење во Турција, можеше да биде поинакво отколку што е сега и по надворешен изглед и по внатрешна содржина и по постигнати резултати.***[21] Дури нешто повеќе: можно е, при исполнување на горниот услов, и самата революционерна агитација да се одложеше уште за неколку години, така што сегашните революционерни дејци, кои беа истите тогашни сепаратисти ќе продолжеа да работат на започнатата еволуирана дејност на легална почва.

Средствата за тоа изобилуваа. Тие средства се наоѓаа во самата земја. И кога младите воодушевени луѓе ја започнаа својата работа, својата надеж ја полагаа во нив. А тие не се ниту мали по размер, ниту по морално значење. Од една статистика направена од Св. Егзархија за 1898/99 година, која ја имам при рака, ги извлекувам следните бројки:

| **Вилает** | **Егзархиски цркви и манастири** | **Приходи на егзархиските цркви и манастири*** | **Расходи*** |
|---|---|---|---|
| *Битолски* | *612* | *11790* | *8570* |
| *Солунски* | *456* | *7720* | *5345* |
| *Косовски* | *291* | *9250* | *5285* |
| **Вкупно:** | **1359** | **28760** | **19200** |

***во турски лири**

[21] Овде се искажува отворено жалење зашто бугарските власти благовремено не нашле соодветен начин да го искористат сепаратистичкото движење на Македонците како би можеле и во него да вовлечат извесна доза на своја политика, како што се обидуваше тоа, да го прави во секоја македонска појава.

И така, во трите вилаети има: 1359 егзархиски цркви и манастири, со 28.760 турски лири приход и со 19.200 турски лири, расход. Кон тоа, треба да се додадат уште и следните бројки: во касата имало 2.500 т. лири готови пари, 12.000 т. лири портфел. Тие бројки наведуват на некои размислувања кои не се од полза ниту за тие во чии раце се наоѓат тие приходи, ниту за оние, кои се поставени да спроведуват извесна контрола над сопствените имоти. Што станува со разликата помеѓу приходите и расходите од околу 10.000 т. лири? Како се собира портфелот од 12.000 т. лири? Како станале и како се капитализирани катагодишните економии од околу 10.000 т. лири? И како се искористени за целите на просветата, како месните суми, така и помошта од кнежевската влада: какви програми, каков систем во образованието и какви резултати очекуваат од создадените училишта? Тоа се ред прашања, кои не можат да не ја ангажираат одговорноста на Св.(етата б.н) Егзархија.

Ете такви беа сепаратистите во минатото. Тие се речиси истите, кои, како водачи на револуционерната борба, ја претставуваат идејата за автономна Македонија.

Ако се осврнеме кон некогашните "сепаратисти" и сегашните револуционерни водачи, ми се чини дека не ќе можеме да констатираме друго, освен нивната трајна приврзаност кон народот и промена во приложувањето на нивната енергија од едно поприште на друго.

***Луѓето кои навистина ја оцрнуваат автономијата и предизвикуваат сомневања во нивните чувства кон народното единство, за жал постојат во Организацијата.***[22] Тие се брутална реакција против активното појавување на г(енерал, б.н)-л Цончев на револуционерното поприште. Ете, зашто нивното истакнување се совпаѓа со последниот факт, а нивниот реон на дејствување не се оддалечува многу, од реонот на г-л Цончев. Тие луѓе се пилиња од софиските социјалистички гнезда. Затоа и во Македонија ги носат одрекувањата и илузиите на тие гнезда.

Тие, кои мислат, дека можат лесно да се отцепат, живеат со илузиите за некакво взаемно помирување на народите. Тие гледаат пречка во одделните аспирации на секој народ за територијално проширување. Како Бугари, тие сакаат да дадат пример: ***тие се одрекуваат од политичката целина со Бугарија и претпочитаат да образуваат од***

[22] Од оваа јасно се гледа дека овие припадници на ВМОРО со своето сфаќање за автономијата, кое се разликувало од сфаќањето на автономијата од страна на официјална Бугарија, која на тоа гледала исклучиво само како на преодна етапа кон присоединувањето на Македонија кон Бугарија "возбудуват сомнение во нивните чуства за народното (бугарско б.м.) единство", што зборува дека тие не се чуствувале како припадници на бугарскиот народ, како што сака да ги третира Бугарија, туку како посебен народ, со што го предизвикувале и сомнежот од страна на Бугарија заради нивните (не)чуства за народното - бугарско единство.

***Македонија одделна политичка единица, која ќе послужела, барем како јатка на идната Балканска федерација.***

Дали има некаква опасност за нашето национално единство (подвлечено во оригиналот) од тие луѓе и нивните погледи?

За да се одговори на тоа прашање, доволно е да се спротивстави нашата длабока вера на чувствата на македонскиот Бугарин; неговиот трезвен, упорен и практичен ум; предавањата во историјата, реалната положба на нештата во Македонија, којашто сега, посилно од нив, ги обрна резултатите против нивните теории: кон грчките, и српските чети, поведението на чираците од нашите социјалистички текиња, не се разликува од она на другите.

Луѓето од таа група, се рожба на една морална криза, која е внесена од тука (Софија б.м.) во Македонија, а се одржуваат со страшен терор. За одбележување е и дека, меѓу водачите на таа група нема Македонец[23]; тие сите се од Кнежевството. Тие луѓе, како тука (во Бугарија б.м.), така и таму (во Македонија б.м.), претставуваат буен поток, кој се одвоил од општиот тек на големата вода, кој тече низ стрмниот брег, корне дрвја, тркала камења, повлекува сè што наоѓа пред себе кое е послабо од него. Каде оди и каде ќе стаса? Тој нема да го избегне коритото на тивката и длабока вода, од чии извори се одделил, и тој не може, а да не се слее со неа, да не биде проголтан од неа. Шака бујни глави, чиј број е обратно пропорционален на нивната громогласна слава, добиена преку престапите на едни, преку упорноста на други и преку големите декларации на трети, не можат против плеадата незнајни борци, кои излегуват со нерасипани идеали од пепелиштата што чадат и умираат со гордост и насмевка за целосното единство на својот народ ?!...

Кога народот ќе се почуствува подготовен за да го изврши последниот врвен подвиг за своето единство, кога таа мирна и длабока вода од скриена енергија, упорна волја и длабока взаемна вера ќе се разнесе како ураган по сите краишта на бугарската земја, што ќе стане со бујниот поток кој денес злодејствува, плаче и декларира?... Примерот на Источна Румелија, тој со Крит и оној со Италија, од постаро време, ги имаме пред нас.

Но, најважно е дека тоа самоистребување може да се пренесе во Кнежевството. Социјализам, кој расте во горите и се храни со човечка крв не познава никакви скрупули, никакви државни резони и никакви елементи на ред и мир. Безредието и нередите се неговата атмосфера. ***Луѓето од таа група се вдахновуваат од мислата дека живеат за Македонија и само за Македонија.*** Ете зошто тие се хранат со илузии " ***Да не допуштат на бугарскиот кнез да стави кралска круна на сво-***

---

[23] Оваа констатација е неточна, зашто претставниците на оваа група во најголем дел беа Македонци, со исклучок на поединци Бугари.

*јата глава за сметка на Македонија*", а исто "*да ја бранат целоста и независноста на земјата од пљачката на кнезот.*"

Бугарскиот кнез е клучната точка за нивната група! ...

Но, каква е нивната внатрешна состојба и сила?

На времето, - пред востанието, - таа се наоѓаше под притисок на една силна, централизирана власт, [24] која умеше и можеше да ја налага својата санкција. Востанието, одвај не ја разурна во основа таа власт. Од тоа се исползуваа дивите елементи. И тие брзо разбраа, дека нема поголемо блаженство од тоа, да ја држат пушката и камата без да сносат некаква материјална или морална одговорност. Делумно, под влијание на тој ред на нештата, се роди мислата да се замени поранешниот централистички систем во Организацијата со некој таков федералистички. Ако востанието ѝ даде збор на групата, последниот Конгрес[25] на Организацијата, од крајот на минатата година ѝ го даде конкретното оцртување.

На тој конгрес Сандански, Сарафов и Ѓ. Петров си подадоа рака против Д. Груев. И кога последниот, по ова го доставуваше предлогот да се покани групата на г-л Цончев, за да се слее со Внатрешната организација[26], кога потоа тој и другите искрени патриоти работеа во таа насока пред Генералот, се веруваше, дека ќе се дезавуираат плановите на коалицијата. За жал, г-л Цончев, или подобро неговите другари, ѝ ставија крила на групата, која Сандански ја водеше на Конгресот. Неговите другари велат, дека, Цончев, дал чесен збор, се беше согласил да ја слее својата група со Внатрешната организација, (но), под влијание на своите другари се беше откажал од согласноста.

Положбата во иднина?

Таа ќе се состои од дејството на две умерени групи, кои без да ги дели некоја разлика, сочинуваат посебност за себе и се под ударот на трета. Третата не ќе може да ги шири своите дејства и идеи, но затоа пак, ќе ги распространува своите престапи.

Самоистребување, самоуништување на нашата енергија, е предност на непријателот за наша сметка, - ете ја идната положба.

Нема ли, лек за тоа ?

Да ! Но за него понатаму.

## Средствата и односите на Организацијата кон другите фактори

Едните и другите до некаде се во зависност од сфаќањето на целта и од други основни начела, кои ја раководат дејноста на Организацијата.

Од нив поважни се следните: интернационалноста, внатрешноста, самостојноста и единството.

[24] Станува збор за Централниот комитет на Организацијата

[25] Се однесува на Рилскиот конгрес од 1905 година.

[26] Во врска со тоа види: В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов ... 108 -109.

За разбирање на интернационалноста, за ползата од тоа начело, како елемент за групирање на останатите христијански народи околу нас и за можното изолирање на другите балкански држави врз тие народи, - јас зборував погоре. Би сакал да одбележам еден историски факт во развојот на тоа начело, имено, во првобитниот состав, Организацијата беше чисто национален бугарски институт[27]. Таа, го измени тој карактер неколку години по основањето, кога водачите разбраа дека интернационалноста е неопходен елемент за нејзино засилување одвнатре и за обезоружување на непријателите однадвор. Следните факти ми се на помош за да утврдам дека, со промената на карактерот, (Организацијата б.н.) не ја промени природата на својата работа. А, таква, таа останува и денес и покрај теориите на разни социјалисти, кои дојдоа во Организацијата, кога таа, беше силно закрепната. Заклучувам, дека интернационалноста не е начело, внесено однадвор, а резултат на внатрешните потреби; дека Организацијата и при тоа начело, во својата суштина останува бугарска, и дека сочувувањето на тоа начело, денес е неопходно, повеќе од секогаш имајќи го предвид разбуденото сознание кај бугарските патријаршисти, србизираните Македонци и кај Власите, да не служат како орудие на тие пропаганди, туку да образуваат една целина со Организацијата, во името на политичката и националната слобода.

Тука еден приговор може да ми се спротистави, кој сакам да го исцрпам со два збора, имено: стравот дека од тој компромис со мнозина, ние можеби ќе останеме надмудрени, што според мене е нереално, зашто нашата бројна надмоќ, упорноста на нашата интелигенција да стои во нераскинливо единство со нашиот центар, одделувањето на другите народи од нивните политички и културни центри, колку и да е незначајно, тоа е сепак делење, се елементи во наша корист.

Начелата за внатрешност и самостојност имаат свое самостојно значење. Тие се резултат на постојаните взаемни обвинувања меѓу партиите во Кнежеството, кон кои секоја од нив се стреми, или секоја навистина се служела со македонското дело. Да се чува Организацијата од групни посегања - тоа е должност на нејзините водачи, но да се спроведуваат до крајност извесни начела, за да се одрекува хармонијата меѓу првите фактори, повикани да работат за истата цел, меѓу Кнежеството и Организацијата, тоа е нецелесообразно. Не може да се тврди, дека Организацијата можела да се сочува барем од индиректните влијанија на партиите, како што не може да се одрекува, дека таа во извесни важни моменти пројавувала дух на солидарност со Кнежеството и со инспирациите што доаѓале од него. Такви биле односите во минатото:

---

[27] МРО, никогаш не била бугарски национален институт, веројатно овде се мисли на првобитната поставеност на Организацијата кога во нејзините редови првенствено можеле да членуват Македонците егзархисти.

Кои се причините за тоа ?

Јас ги гледам само поважните од нив:

1. Индиректно влијание на партиските ставови;

2. Недостаток на анализа - како сопатник на младоста;

3. Појавувањето на г-л Цончев на сцената со неговата брутална, но безуспешна тактика да ја завземе Организацијата и да ги замени дотогашните водачи со отстранување или замена, и

4. Недостаток на едно лице, кое ќе ги обединува двата суштесвени услови: авторитетот во Организацијата и довербата во раководителите на државните судбини.[28]

Едно кратко објаснување за влијанието на тие причини.

За движењето во 1895 година[29], тогашните опозициони кругови во Бугарија го лансираа убедувањето, дека тоа било создадено и подржано како орудие за признавање на Н(еговото).Ц(арско). Височество. Тогаш, сите го прифатија тоа објаснување. И не само што го прифатија, туку и направија од него орудие за агитација, кое даде само негативни резултати. Денес веќе малкумина зборуваат за 1895 година и за "експлоатирањето" на тој настан. Ако некој патем го споменува; тогаш меѓу гласовите на старата песна се слушаат и такви со спротивна оценка на првата. Од каде произлегува таа разлика? Јас мислам, дека тоа се должи на една важна политичка еволуција: за опозиционерите од 1895 година (крајни русофилски тенденции) Бугарскиот кнез нѐ е дел од Бугарската држава. Тогашните млади револуционери, без анализа, за која зборував погоре, не сакајќи, го прифатија за вистина опозиционерното објаснување на фактот, кое беше силно и општо, зашто никаков друг глас не внесе некое разумно објаснување. Можеби при постоењето на некое лице за какво што зборував во $ 4, и без тие потфати на г-л Цончев, тоа објаснување побрзо ќе се разнесеше. По преживеаните настани, истите тие лица, денес кон последново, додаваат уште едно толкување, кое го дава решението на загатката, имено: ако внатрешниот мир на Кнежевството за реализирање на важните народни задачи, стабилизирањето на династијата е еден од најважните елементи на тој мир и ако судбината меѓу слободните и неослободените Бугари е општа, зошто да не може и последниве, макар и индиректно, да стават некое мало камче на народната зграда, кога без него не може да се мине?

Пишувачот на тие редови не може да не ја потцрта таа еволуција, зашто таа е преживеана од многу тогашни дејци, кои сега го претставуваат умерениот тек во Организацијата и зашто таа еволуција ја поставу-

---

[28] Од овде јасно се гледа дека целта на бугарската влада и политика била на чело на ВМОРО да се наоѓа личност која ќе ја ужива нивната доверба за да може преку него да ја спроведува својата политика во Македонија.

[29] Се однесува на првата врховистичка провокативна акција од летото 1895 година.

ва основата на правилното сфаќање на народните судбини, кои се разбира, почиват врз трите основни елементи, неразделни еден од друг: една Династија, една Црква и еден Народ.

Излишно е да кажувам, дека од таа еволуција многу далеку се крајните елементи - едни поради предаденоста кон социјалистичкото учење, други, иако ( ... нечитливо), зашто уште не се дозреани за таа еволуција.

Сегашната ситуација на Организацијата

Востанието од 1903 година има решително влијание врз внатрешното уредување на Организацијата. Казнувањето на видни водачи од Централниот комитет[30] и на второстепени дејци од провинцијата, се одрази лошо врз целокупниот тек на работите. Поранешниот централистички систем се замени, колку што дозволува минатото, со извесна децентрализација, која за основа го има околискиот комитет. Нелегалниот елемент - четничкиот институт со војводите на чело, денес има посилно влијание, отколку порано. Голема беда е, што тие војводи не се секогаш на висина, соодветна на нивното место, што сите не ги разбираат ограничувањата на долгот и не ја чувствуваат својата одговорност. Поради тоа дејците кои работат, денес во земјата, иако остануваат групирани под еден општ устав и општа уредба, меѓу себе се разликуваат по погледите, темпераментот и минатото.

Како такви заслужуват да се споменат:

1. Д.(аме) Груев и Ив.(ан) Гарванов, луѓе со умерени и зрели погледи и претставници на големото мнозинство здрав елемент во Организацијата.[31]

2. Ѓорче Петров, - Сандански. Таа група изникна во последниот Конгрес: во неа уште влегуваат Б.(орис) Сарафов и П.(ере) Тошев. Малку пред Конгресот, тој конгломерат меѓу себе беше на нож. Неговото појавување е случајна работа, наметната од личните и моменталните интереси на некои од нив. Погледите на Сандански се познати, Ѓ. Петров е поблизу до Груев и до Гарванов; но без нивната политичка еволуција. Сарафов е познат. А, П. Тошев, во таа група потпаѓа, без да може тоа сам да го оправда под некои важни општествени мотиви. За работата на така собраните луѓе може веќе да се суди.

---

[30] Оваа констатација е неточна, зашто од ЦК не е казнет никој поради Востанието. Овде веројатно се алудира на нападите од страна на реформско демократското крило врз иницијаторите на востанието и на условната смртна пресуда изречена на Борис Сарафов на Рилскиот конгрес, кој бил член на Главниот штаб во Битолскиот револуционерен округ.

[31] По Рилскиот конгрес Даме Груев и неговите приврзаници не преставувале никакво мнозинство во Организацијата, додека пак влијанието на Иван Гарванов било сосема мало и тој дури не бил избран ниту за делегат на Конгресот.

3. Групата на г-л Цончев. По неколку годишна работа со цел да се наметне на целата Организација, треба да се признае, дека тој план на г-л Цончев, добро замислен, беше лошо спроведен и затоа пропадна. Генералот, нема и не може да има влијание 50 - 60 км. подалеку од границата. Неговата енергија и таа на неговите другари се исцрпува во одбрана (...) не од Турците, туку од Бугарите. При сегашната жалоснаситуција во Организацијата, и при широките хоризонти што се отвораат во блиска иднина за еден командант, со способност на г-л Цончев, дали во таква мизерна улога требаше да се исцрпува енергијата на еден бугарски генерал?

Кога Груев, со мака на Конгресот ја спроведувал идејата да се покани Цончев и неговата група, за да влезе во Организацијата, можеби подобро ги сфаќал задачите од самиот генерал, што му се својствени како на воин, при уредувањето, организирањето на една воена сила во Македонија и специјално во неговиот реон, во тоа важно стратешко место меѓу Струма и Места.

Во таа насока на општа солидарност, инстинктивно дејствуваше и целото општество тука, и революционерното дејство внатре. Радоста беше општа, кога на Конференцијата, тука, се извести дека согласноста веќе е свршен факт, како што е сега големо разочарувањето при известувањето дека г. Цончев се откажал од дадениот збор.

Такви се групациите.

Самото население пак, се наоѓа сред сите непожелни услови. Тоа е изнемоштено од една борба на многу фронтов: востанието ги однесе неговите најдобри сили и го разори економски, грчките и српските чети го доубиваат она што турската власт не може да го искорени, а Организацијата го товари со нови даноци, тогаш, кога српските чети, не само што не земаат ништо од потчинетите села, туку и без пари даваат пушки.

Во такви услови, ниту Организацијата може да закрепне, ниту населението може да се освести од саканите и несаканите удари, што се втурнуваат врз него.

**Резиме на состојбата**

1. Меѓународната акција изразена низ жандармериската реформа, која со својот краен развој го проследува уништувањето на Организацијата, а другите реформи кои се веќе остварени и тие кои се проектират, го визираат сочувувањето на сегашната политичка состојба, која означува предност на Турците и отстранување на Бугарите.

2. Дејствата на Турците, Грците и Србите имаат за цел: компромитирање на автономијата и отстранување на Бугарите со разни средства. Меѓу последниве, заслужува да се одбележат: а) четите, б) поткупите на

чиновници и злосторници, Турци и Арнаути, г) дејствувањето врз гурбетчиите, што се наоѓат во Грција и Србија.

3. Егзархијата: а) со нестабилна легална положба и без внатрешен ред и дисциплина, б) со лошо уредени училишта, полуразурнати училишни згради и главни основни учители со 120-150-200 лева годишна плата, додека оние на пропагандите, добиваат не помалку од 600-800 лева, в) со систем на образование, кој не одговара веќе на сегашните услови и нашите идни задачи.

4. Населението и Организацијата: изнемоштени. Истава, до степен да не може да се спротистави со свој отпор против непријателите, а продолжува да се истоштува во бескорисни расправии.

Наспроти ови непогодности, ние со утеха можеме да го задржиме вниманието врз следните благопријатни фактори:

1. Една голема морална идеја: слобода за сите. Таа идеја е голема и непроценлива придобивка за нашиот народ, зашто конечно е сврзана со неговото име, кога нашите противници минуваат и за такви на самата идеја. Таа состојба на нештата има огромно влијание и внатре во земјата врз разнородните етнички групи, на кои заедно со турскиот режим им се омразени и нивните идеолози - пропагандите. На ослободителната идеја, која стои прикована во мојот ум, јас гледам нацртано како на крстот Господов "**съ нимъ побѣдити**". И реално само со неа и преку неа ќе победи нашиот народ.

2. Симпатиите на образованиот свет и евентуалната подршка, на која би можеле да се надеваме преку него.

3. Изнемоштеното, но сепак бестрашно население.

4. Непријателски пропаганди, но и солидарноста на нивното население со нас, во името на ослободителната идеја.

Што да се прави?

При така поставеното прашање треба да се припомне нашата задача во македонското прашање: ***од една турска Македонија, ние треба да создадеме една цела, неделива и бугарска Македонија.*** [32]

Ќе речам (во загради), дека прашањето за делба на Македонија со нашите соседи длабоко ги збунува духовите и е со опасности од најтешка природа. За тоа прашање добро е да не се говори, дури и да не се мисли.

За така поставената цел горе, има два излезни принципа:

1. Да дејствуваме полека, но без умор, за проширување на реформската акција врз основата, која се совпаѓа со нашата цел. Враќањето назад, без да воспоставиме политичка рамнотежа на нашиот елемент со турскиот, без реални гаранции за него и потпрени само на добрата волја на султанот и неговите паши, е самоубиство.

---

[32] Од тоа јасно се гледа бугарската завојувачка политика кон Македонија.

2. Да се воспостави хармонија меѓу првите наши фактори во Кнежевството, Егзархијата и Организацијата.

По моето скромно мислење, последната точка би се реализирала, при следните услови:

А. По однос на Егзархијата

1. Во прв погоден случај, да се стабилизира легалната состојба на Егзархијата.

2. Да се воспостави повеќе ред и дисциплина во таа институција, преку поставување на одговорни институции и лица.

3. Да се пушти посебен кредит, во вид на заеми или друг начин, за изградба на најнеопходните училишни згради.

4. Да се зголеми делот од егзархискиот буџет, специјално за подобрување на персоналот, при основните селски училишта.

5. Да се воведе паралелно со сегашниот систем на образование и такво професионално, откако ќе се обрне посебно внимание на подготвувањето луѓе, кои го познават турскиот и другите јазици, за да можеме преку нив да го опфатиме животот, во сите негови пројави.

Спроведувањето на овие наброени услови е во извесна зависност и од Егзархијата. Но, таму не изгледаат многу приемчиви за новини.

Б. По однос на Организацијата

Да се потпомогне нејзиното соземање, под водство на умерените елементи и при поставување на можна хармонија меѓу сите. Тоа не е невозможно, но за него е потребно:

1) Полицијата строго да бдее врз незаконските потфати на некои, што добиваат средства, на незаконски начин.

2) Да се даде материјална помош на сегашното Претставништвото (Претставничкото тело на ВМОРО б.н.), за која тоа сега тропа на други врати; но таа помош, не треба да му се дава преку трети лица, туку директно нему.

Со тоа се компромитира основната положба, од која произлезе изборот на Претставништвото; и се постигнува раздор меѓу него и луѓето од категоријата на Сандански, фактички и на преостанатите со стари разбирања, им се налага еволуцијата на умерените елементи.[33]

---

[33] Преставничкото тело на ВМОРО во состав Петар Поп Арсов, Ѓорче Петров и Димитар Стефанов, било "доследно на конгресните решенија да не се земат никакви средства од бугарската влада за потребите на Организацијата. "Революцонната борба въ Битолския окрьгъ, Спомени отъ Георги П.Христов, София 1953, 117. Бугарската влада, знаејќи ја хроничната беспарица на ВМОРО и категоричниот став на

3) Да се натера г-л Цончев формално да ја растури својата група и да влезе во Организацијата, за да се слее со умерените елементи.

4) Да се стават во тек постапно, тактично со средства, допуштените закони во Кнежеството, за да се отстранат и направат безвредни екстремните елементи, кои никогаш нема да се вразумат и секогаш ќе се мешаат.

5) Да се убеди Неговото Блаженство, да назначи за учители луѓе, кои по заобиколен пат ќе му се препорачаат или пак да премести некои други, според потребите на работата. Со тоа би се создале подобри услови за истата и би се избегнале непријатности, на кои Н. Блаженство е изложено од разни комитетски луѓе. Тој начин на дејство би создал атмосфера, во која досегашните судири меѓу егзархиските органи и комитетите би биле поретки и помалку опасни.

Кога оваа прва етапа ќе ни остане зад грб, во очекување на резултатите од неа, ние можеме да се подготвуваме за втората етапа. А таа се состои:

1) Во испраќање офицери во Македонија, како нелегални дејци со мисија: да ја проучуваат топографијата, да се запознаат со населението и условите на живот и да ги подготвуваат кадрите, кои треба да дојдат на помош на нашите развеани знамиња, ако тој момент стане неизбежен.[34]

2) Во заокружување и организирање на револуционерните реони, со стратегиско значење, врз основа на специјални наредби од Главниот Штаб (Генералштабот на бугарската армија б.н.).

Меѓу редови ќе споменам, дека за топографските изучувања можеме да ги искористиме поинтелигентните учители. За таа цел би можел да се организира еден курс по топографија за студентите што се наоѓат тука, а за време на распустот и за учителите, кои нарочно би дошле тука за тоа.

## В) По однос на пропагандите и нивните чети

За својата културна работа, пропагандите зад себе ги имаат турската власт и злосторниците. Но тоа може да се измени во една или друга насока, од оние кои непосредно ги создаваат. Денес, неколку купени чиновниции во секој вилает - а такви Господ ги намножил во Турско, можат да направат многу повеќе отколку ние самите. Дејствата на злосторниците, исто така, можат да се неутрализират во извесен степен, пак со злато. Сето тоа, комбинирано со други мерки, кои ќе ги изложам, би дало една реална народна одбрана.

Претставништвото во врска со тоа прашање, намерно настојувала на истото да му даде финансиска помош со цел да го компромитира пред Организацијата од една, и да го приврзе кон себе од друга страна.

[34] Оттука јасно се гледа и бугарската завојувачка политика кон Македонија.

За тоа се потребни пари и пак пари, можеби не многу: неколку десетини илјади лева штедливо и рационално трошени од Агентствата.

Во таа насока против Србите, ние имаме силно оружје: тоа е групата србо-македонци, околу весникот “Автономна Македонија”, во Белград. Тие се во полно духовно единство со нас. Преку нив, ние ќе можеме и треба да се обидеме да ја разединиме српската дејност во Македонија, на два спротивставени лагера: на Македонци одвнатре и дојденци однадвор, а и да ги ставиме под свое влијание овие првите, откако ќе ги апсорбираме. Уредниците на “Автономна Македонија”, беа принудени да го сопрат весникот. Нивниот живот во Србија веќе станува невозможен, зашто секој ден ризикуваат да бидат убиени.

Во моментот кога конечно ќе го напуштат Белград, тие ќе треба да ѝ нанесат морален удар на пропагандата: со нив заедно, ќе треба демонстративно да ја напуштат Србија и студентите Македонци.

Две-три весникарски сили, ќе треба да заминат за Швајцарија и во името на србизираните Македонци да ја атакуваат со едно весниче, пропагандата и да го сочуваат влијанието врз своите истомисленици во Македонија, сè до конечното разделување на двете групи во земјата. Останатото, само по себе ќе си дојде. Други, пак два-три офицери, нивни истомисленици, ќе треба да влезат во Македонија: едни како агитатори, други како началници на чети. Голема полза нè чека, ако офицерите, кои ќе ги притајуваат своите чувства, успеат да влезат со доверени четници во Кичевско, при дејствувањето на пропагандата. Откако здраво ќе ја превземеме ситуацијата, да им го свртат грбот и со помош на нашите чети да уништат секаква трага од српските чети, а потоа и од српската пропаганда. За сето тоа согласни се и Герџиковиќ и Ташковиќ. Нашата парична подршка и тука е неопходна: доволни се десетина илјади лева годишно.

За поефикасно да се намали влијанието на Грција и Србија, ќе треба да се одвратат гурбетчиите, кои одат на печалба во тие земји. Влијанието, кое може Организацијата да го спроведува врз тие гурбетчии, има свои плодови (основи). Таа мерка може да се дополни со избирање на четири - пет души вистински Македонци, кои ќе ја обиколуваат Србија и ќе ги принудат оние печалбари што се наоѓаат таму, да се иселат или кај нас (во Бугарија б.н.) или во Австрија или во Романија, а ќе им ги посочуваат и поволните моменти. Тие агитатори треба да бидат избрани по еден-двајца, од оние што ги познават условите во респективните земји). Врз сите Македонци, на кои од гласините, дека, за овие или оние исчезнал (нивен б.н.) сотатковинец, (и на кои б.н.) животот им е престорен во страв за нивната безбедност, таква агитација би подејствувала охрабрувачки. Нејзините резултати не се брзи, но затоа пак дејството ѝ е ефикасно.

За да биде отпорот против пропагандите целосен, не треба да се испушти од предвид и воспоставувањето, дури и врз приватни основи, на банкарски институции. Една наша банка, како наше оружје, може брзо да се сврти против нашите непријатели.

Ќе завршам со отпорот, но треба да се спротиставиме и на четите: тоа е исклучителна работа на Организацијата. Српските чети го заслужуваат повеќе нашето внимание. Мали чети од по 7-8 одбрани, искусни, интелегентни и тактични момчиња и војводи во Паланечко, Кратовско, Кумановско и Скопско, како прва бариера, заедно со постепеното вооружување на населението е императив. Тие две мерки не ќе задоцнат да дадат добри резултати. Ми се чини, дека селата кои по петшест пати ги одбивале српските чети во Кумановско со секири и ловциски пушки, заслужуваат подобро вооружување.

Се разбира не чини отпорот да ги надминува границите, што ги допушта политичката состојба: отпор со многу помалку афери и без крупни инциденти. Малите чети и умереното вооружување, засега се најмало зло.

Јас завршив. Си дозволувам да верувам дека во моите претпоставки нема неточности, а заклучоците не ми изгледаат илузии. Сето тоа е плод и на мои размислувања и на беседи со компетентни луѓе. Нема илузии кога се познаваат поставените задачи, кога има желба за нивно исполнување и дух на доследност.

Софија, 25. 03. 1906 г.